РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

# КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

**Ноември 2008 година**

**Сектор за макроекономска политика**

**Скопје, јануари 2009 година**

# РЕЗИМЕ НА НАЈВАЖНИТЕ КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА ВО НОЕМВРИ 2008 ГОДИНА

- **Намалување на индустриското производство од 2,9% на годишна основа**

- **Стабилизирање на инфлацијата на годишно ниво од 5,2%, со месечен раст од 0,2%**

- **Зголемен извоз на стоки (во евра) за 12,7% во периодот јануари-октомври 2008 година, со истовремен пораст на увозот на стоки за 26,7%**

- **Раст на приходите на Централниот буџет за 13,3% во периодот јануари-ноември од 2008 година, со истовремен раст на расходите за 17,2% (силен раст на капиталните расходи од 80,2%)**

- **Забавена динамика на кредитирањето во ноември 2008 година, но сепак силен раст од 37,8% на годишна основа, и намален пораст на вкупниот депозитен потенцијал на недржавниот сектор од 12,3%**

## 1. Реален сектор

**1.1. Во ноември 2008 година, индустриското производство забележа намалување на годишна основа од 2,9%, поради случувањата во светската економија, односно светската финансиска криза.**




Анализата на индексот на физичкиот обем на индустриското производство на годишна основа укажува дека негативните резултати во ноември се должат на намалената активност во дури 14 гранки од вкупно 24 индустриски гранки. Како една од главните причини за ваквата динамика во производството е слабата активност во секторот на основни метали, каде е регистриран годишен пад од 42,4%, во производството на облека со пад од 16,4%, во производството на метални производи во метало-преработувачката фаза, освен машини и уреди со пад од 18,4%, производството на електрични машини и апарати, неспомнати на друго место со пад од 14,6%, и други. Намаленото производство се должи на намалената надворешна побарувачка поради глобалната рецесија, имајќи во предвид дека голем дел од ова производство е наменето за извоз.




Индексот на индустриското производство на месечна основа забележа намалување за 4,1%.

Намалената месечна активност предизвика и намалување на кумулативниот индекс на индустриското производство, кој во периодот јануари-ноември 2008 година е повисок за 7,0%, во споредба со истиот период од претходната година (намалувањето во однос на октомврискиот индекс изнесува 1,1 процентни поени).

Ефектите од падот на цените на светските берзи, прва ги почувствува металуршката индустрија. Драматичниот пад на цените на металите ги доведе компаниите од оваа индустрија во незавидна позиција. Овие компании генерално се извозници на светските пазари, па нивното намалено производство автоматски значи и помал извоз. Сепак, намаленото

производство секако ќе биде придружено со помал увоз на суровини за преработка, па оттука ефектот врз нето извозот не би можел со сигурност да се предвиди.

Според очекувањата на менаџерите на претпријатијата, тековната економска состојба на претпријатијата во ноември 2008 година, е оценета како многу неповолна во однос на претходните месеци. Просечното искористување на капацитетите на претпријатијата во ноември 2008 година, во однос на претходниот месец е намалено за 60,2%. Најголемо влијание на ограничувањето на обемот на производството во ноември 2008 година имаат следниве фактори: недоволната домашна побарувачка со 17,4%, странската побарувачка со 13,1%, неизвесното економско опкружување со 10,4% и финансиските проблеми со 12,4%.

**1.2. Во периодот јануари-ноември 2008 година, цените на стоките за лична потрошувачка, мерени преку индексот на трошоци на живот, се зголемија за 8,7% во однос на истиот период од претходната година**.

Трошоците на живот во ноември 2008, во споредба со ноември 2007 година, се зголемија за 5,2%. Растот главно се должи на зголемените трошоци за исхрана од 7,3%, ресторани и хотели 9,3%, услуги 6,3%, тутун и пијалаци 4,3%, домување 12,2%, стан (станарина, вода и услуги) 5,6%, итн.




Индексот на трошоците на живот во ноември 2008 година во споредба со октомври 2008 година е повисок за 0,2%.

Вредноста на потрошувачката кошница за исхрана и пијалаци за едно четиричлено домаќинство за ноември 2008 година, пресметана врз основа на цените на мало, изнесува 12.238 денари и во однос на претходниот месец е пониска за 0,03%.

Во октомври 2008, индексот на цените на мало забележа понизок раст на годишна основа во споредба со индексот на трошоци на живот. Така, индексот на цени на мало во ноември 2008 година забележа зголемување од 4,5% во однос на ноември 2007. На кумулативна основа, во периодот јануари-ноември, цените на мало се повисоки од 7,1%. Зголемување на цените е евидентирано во групата на земјоделски производи од 2,4%, прехранбените производи од 6,5%, индустриско-прехранбени производи од 7,6% и стоки од 4,1%.

**1.3. Во ноември 2008 година, на светските берзи е забележано намалување на цените на најголемиот дел од металните и нафтените производи.**

Во ноември, цената на нафтата на светската берза се намали за 27% во однос на претходниот месец, и достигна 53,24 долари за барел. Споредено со ноември од претходната година, цената на нафтата е намалена за 42,4%.

Во рамки на металните производи, никелот, како производ со високо учество во македонскиот извоз, забележа месечен пад на цената од 11,8% и достигна цена од 9,686 долари за еден метрички тон ($/мт).

Во овој период, веќе шести месец по ред, стабилни останаа цените на челикот и челичните лимови.




## 2. Надворешен сектор

**2.1. Во периодот јануари-ноември од 2008 година, вкупната надворешно-трговска размена (изразена во евра), забележа пораст од 20,5% во однос на истиот период минатата година.**

Притоа, физичкиот обем на извозот е зголемен за 5,1%, а неговата вредност достигна 2.516,9 милиони евра, што претставува пораст од 12,7%. Зголемувањето на количинскиот увоз на стоки изнесува 3%, а неговата вредност оствари износ од 4.315,3 милиони евра, или пораст од 26,7%. При вакви движења, дефицитот во размената остварен во првите единаесет месеци од оваа година, пред сè, поради поинтензивниот вредносен пораст на увозот од извозот, забележа пораст од 53,4% (624,4 мил. евра) во однос на истиот остварен до крајот на ноември минатата година и изнесува 1.799,6 милиони евра. Зголемениот дефицит во овој период од 2008 година, во поголем дел се должи на порастот на негативното салдо во размената на енергија (269,3 мил.евра), односно зголемениот увоз на нафта и производи од нафта (53,6%) и електрична енергија (32,5%).




| Увоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-XI 2007 | I-XI 2008 | Салдо 2008-2007 | Стапки во% |
| Кг | 1.116.563.842 | 1.197.175.288 | 80.611.446 | 7,2 |
| ЕУР | 401.267.172 | 616.495.099 | 215.227.927 | 53,6 |
| $ | 547.555.817 | 918.871.848 | 371.316.031 | 67,8 |

*)Претходни податоци

| Увоз на електрична енергија*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-XI 2007 | I-XI 2008 | Салдо 2008-2007 | Стапки во% |
| МWH | 2.857.439 | 2.788.367 | -69.072 | -2,4 |
| ЕУР | 166.454.770 | 220.515.547 | 54.060.777 | 32,5 |
| $ | 232.195.100 | 327.650.311 | 95.455.211 | 41,1 |

*)Претходни податоци

Значајно учество (23,4%) во продлабочувањето на трговскиот дефицит има и намалувањето на позитивното салдо на размената кај железо и челик за 146,3 милиони евра во првите единаесет месеци од оваа година, во однос на истиот период од минатата година. Истовремено, 11,7% од зголемениот дефицит се должи на порастот на увозот на друмските возила, кој изнесуваше 73,4 милиони евра или 35,2%.

**2.2. Главни групи производи (според СМТК) со најголемо учество во извозот во овој период се: железо и челик со 33,%, облека 17,6%, нафта и производи од нафта 8%, метална руда и метални отпадоци 5,7%, пијалаци и тутун 5,3%, овошје и зеленчук 4,3%.** Овие шест групи производи сочинуваат 73,9% од вкупниот извоз на државата.




Најголем дел од кумулативниот увоз на стоки во единаесетте месеци отпаѓа на: нафта и производи од нафта (616,5 мил. евра, 14,3%), железо и челик (489,9 мил. евра, 11,4%), текстилни предива и слично (285,4 мил. евра, 6,6%), друмски возила (281,5 мил. евра, 6,5%), електрична енергија (220,5 мил. евра, 5,1%), метална руда и метални отпадоци (165,6 мил. евра, 3,8%), индустриски машини и делови (126,9 мил. евра, 2,9%) и друго.

Извоз на железо и челик *)

| | I-XI 2007 | I-XI 2008 | Салдо 2008-2007 | Стапки во% |
|---|---|---|---|---|
| ,000Т | 1.034,1 | 965 | -68,8 | -6,7 |
| Мил. ЕУР | 846,4 | 830 | -16,9 | -2,0 |
| Мил.$ | 1.152,4 | 1.242 | 89,3 | 7,7 |

*)Претходни податоци

Увоз на железо и челик*)

| | I-XI 2007 | I-XI 2008 | Салдо 2008-2007 | Стапки во% |
|---|---|---|---|---|
| ,000Т | 867,4 | 861,8 | -5,6 | -0,6 |
| Мил. ЕУР | 360,5 | 489,9 | 129,4 | 35,9 |
| Мил.$ | 491,5 | 736,8 | 245,3 | 49,9 |

*)Претходни податоци

**2.3.** Гледано по региони, во првите единаесет месеци од 2008 година, Европската унија (ЕУ 27) има доминантно учество во вкупната надворешно-трговска размена од 52,2% (извоз на стоки 59,4% и увоз на стоки 47,6%). Извозот во Европската Унија е поголем за 1,7%, а увозот бележи поинтензивен пораст од 21,4%, во однос на истиот период од 2007 година. Во анализираниот период јануари-ноември 2008 година, 91,4% од трговскиот дефицит на земјата е остварен во трговската размена со Русија, Кина, Швајцарија, Полска, Турција, Украина, Словенија, Бразил и Индонезија.

**2.4.** Гледано по валутна структура, еврото станува сè по доминантно, при што 74,2% од надворешно-трговската размена е реализирана во евра и во однос на истиот период минатата година претставува пораст од 4 процентни поени (п.п.). На страната на извозот и увозот, еврото е застапено со 78% и 72,1%, соодветно и во однос на истиот период лани претставува поинтензивен пораст кај извозот за 7,2 п.п., а кај увозот 2,1 п.п..

**НАДВОРЕШНО-ТРГОВСКА РАЗМЕНА на Република Македонија (по валути ); пресметка: МФ**

**- по валути -**

| ИЗВОЗ | I-XI 2007 | | | | | I-XI 2008 | | | | | апсолутна промена во валутна вредност | релативна промена во валутна вредност (во %) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| валута | колич. 000 т | извоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | извоз во денари | структ. во % | колич. 000 т | извоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | извоз во денари | структ. во % | | |
| EUR | 2.594 | 1.581.884.867 | 61,1797 | 96.779.241.598 | 70,8 | 2.915 | 1.959.078.000 | 61,2529 | 119.999.208.826 | 78,0 | 377.193.133 | 23,8 |
| USD | 750 | 866.162.455 | 44,9685 | 38.950.026.358 | 28,5 | 601 | 810.847.836 | 41,5071 | 33.655.942.214 | 21,9 | -55.314.619 | -6,4 |
| EUR+USD | 3.344 | | | 135.729.267.955 | 99,2 | 3.516 | | | 153.655.151.040 | 99,9 | | |
| вк.извоз: | 3.351 | | | 136.784.445.365 | 100,0 | 3.523 | | | 153.774.237.752 | 100,0 | | 12,4 |

Извор: Државен завод за статистика и НБРМ

## 3. Фискален сектор

**3.1. Во периодот јануари-ноември 2008 година, вкупните приходи на Централниот буџет изнесуваат 79.648 милиони денари (19,7% од БДП), што претставува зголемување од 13,3% во однос на истиот период од минатата година.** Ваквото зголемување на приходите се должи на зајакнатата економска активност и подобрената наплата на даночните приходи, а делумно и поради зголемувањето на потрошувачката, што особено се одразува кај приходите од индиректните даноци, како и поголемиот раст на неданочните приходи поради исплатата на дивидендата од Телеком.




Даночните приходи во овој период се реализирани во износ од 70.457 милиони денари, што претставува зголемување од 10,4% во однос на истиот период минатата година.

Учеството на ДДВ во вкупните даночни приходи во овие единаесет месеци од 2008 година изнесува 48,7%, а на акцизите 17,6%, при што, од овие два даноци се остварени приходи од 46.714 милиони денари, односно 2/3 од вкупните даночни приходи (11,5% од БДП). Гледано по одделни категории, приходите од ДДВ забележаа значаен пораст од 26,0%, акцизите од 7,2%, данокот на добивка од цели 48,1% односно досега остварени 89,4% во однос на ребалансираниот план (иако со намалена стапка од 10%), приходите од царина се речиси на исто ниво (помалку само за 0,3%), додека приходите од персоналниот данок се намалени само за 2,1% споредено со истиот период лани и покрај намалената и унифицирана даночна стапка од 10%. Неданочните приходи се зголемени за 41,1% во однос на истиот период минатата година, најмногу поради исплатата на дивидендата од Телеком за 2007 година во износ од 3.784 милиони денари.

**3.2. Во периодот јануари-ноември 2008 година, вкупните расходи на Централниот буџет изнесуваат 71.423 милиони денари (17,6% од БДП), што е повеќе за 17,2% во однос на истиот период од 2007 година**.

Во структурата на реализираните вкупни расходи, тековните расходи (61.351 милиони денари) учествуваат со 85,9%, додека капиталните расходи забележуваат учество од 14,1%.

Најголеми расходни ставки се трансферите (32.123 милиони денари) и платите и надоместоците (17.468 милиони денари). Во вкупните расходи на Централниот буџет, расходите за плати и надоместоци во овој период учествуваат со 24,5% и во однос на истиот период лани се намалени за 15,1%.

Расходите за стоки и услуги се извршени во износ од 9.850 милиони денари, односно имаат поголемо остварување во споредба со 2007 година за 34,2%.

Во делот на трансферите, во овој период се потрошени 26,0% повеќе средства споредено со истиот период 2007 година и претставуваат најголема расходна ставка, односно учествуваат со 45,0% во вкупните расходи (7,9% од БДП). Ваквото остварување се должи во дел и на фактот дека во дотациите до единиците за локална самоуправа се трансферира дел од данокот на додадена вредност, а се зголемува и бројот на единици за локална самоуправа кои преминаа во втората фаза на децентрализација, при што се исплаќаат блок дотациите на 62 општини за финансирање на пренесените надлежности (средствата за исплата на плати и надоместоци на вработените во локалните јавни установи и материјалните трошоци). Трансферите кон Фондот за пензиско и инвалидско осигурување се извршени во износ од 8.758 милиони денари или за 578 милиони денари помалку (6,2% намалување). Каматите се реализирани во износ од 1.910 милиони денари што е помалку за 2,7% во споредба со 2007 година.

Во анализираниот период средствата за капитални расходи изнесуваат 10.072 милиони денари, што е речиси двојно зголемување (80,2%) во споредба со истиот период 2007 година (2,5% од БДП).

**3.3.** Оттука во периодот јануари- ноември 2008 година остварен е суфицит на Централниот Буџет од 8.225 милиони денари (2,0% од БДП), додека суфицитот на консолидираниот буџет изнесува 7.399 милиони денари (1,8% од БДП).

## 4. Монетарен сектор

**4.1. Во ноември 2008 година примарните пари[1] покажуваат значајно забавување на порастот од 6,6% на годишна основа (споредено со 19,2% во октомври), во услови на забавен раст на вкупните ликвидни средства на банките, од 15,2% и намалената побарувачка на готови пари за 2,7% .**

На месечна основа примарните пари забележаа пад од 11,1%, кој се должи на намалувањето на двете компоненти, намалување на вкупните ликвидни средства на банките, од 15,6% и на готовите пари во оптек од 4,5%.

Во ноември 2008 година, во услови на тендер на износи, каматната стапка на благајничките записи го задржа нивото од 7%.

Во ноември 2008 се одржаа две аукции на тримесечни државни записи и една аукција на шест месечни државни записи. Просечната пондерирана каматна

[1] Примарните пари се пресметани како збир од готовите пари во оптек, готовината во благајна и сметките на банките, вклучително задолжителната резерва на девизните депозити.

стапка постигната во текот на ноември 2008 изнесуваше 7,59% за три месечните државни записи и 7,69% за шест месечните државни записи.

**4.2. Вкупниот депозитен потенцијал на недржавниот сектор[2] во ноември 2008 бележи забавен раст од 12,3% на годишна основа (наспроти 18,9% во октомври 2008 година)**. На месечна основа вкупните депозити се пониски и тоа за 3,5%, како резултат на намаленото штедење на населението и намалените депозити на претпријатијата.




Во ноември 2008 година, денарските депозити бележат пад од 9,3% на месечно ниво, додека девизните депозити остварија раст од 1,3% (целосно поради порастот на девизните депозити на корпоративниот сектор). На годишно ниво денарските и девизните депозити остварија пораст од 1,5% и 21,9%, соодветно.

Од аспект на секторската структура заштедите на корпоративниот сектор се намалени за 11,4% на месечно ниво, главно како резултат на репатријацијата на дивидендата на една голема компанија кон странскиот инвеститор, што доведе до значаен одлив на денарски депозити на корпоративниот сектор. Заштедите на населението исто така регистрираат намалување од 0,1%. Во однос на минатата година депозитите на населението и претпријатијата се повисоки за 13,9% и 8,6%, соодветно.

Анализата на рочната структура за ноември покажува засилен раст на долгорочните депозити за сметка на краткорочните, така што долгорочните бележат раст од 85,4%, додека краткорочните 6,3% на годишна основа. На месечна основа краткорочните депозити се намалени за 4,7%, а долгорочните се зголемени за 5,9%.

**4.3. Во ноември 2008 година се забележува забавување на растот на кредитите кон приватниот сектор.** Месечниот пораст на кредитите од 1,6% произлегува главно од зголеменото кредитирање на корпоративниот сектор. Во однос на минатата година кредитниот раст, бележи забавување и изнесува 37,8% (наспроти 39,6% во октомври).

Месечниот пораст на кредитите на населението во ноември е со намален интензитет, и изнесува 1,1% (наспроти 2,3% во октомври), а кредитите на претпријатијата регистрираа забрзан пораст од 1,9% (наспроти 1,7% во октомври). На годишна основа, пласманите кон населението и претпријатијата се зголемија за 42,4% и 35,0%, соодветно.

Во рамки на кредитите на претпријатијата, на годишна основа се забележува пораст на краткорочните и долгорочните кредити на претпријатијата, од 36,8% и 33,4% соодветно. На месечна основа, краткорочните кредити на претпријатијата забележаа засилен пораст од 3,4%, додека долгорочните кредити се со забавен раст од 0,6%.

---

[2] Вкупниот депозитен потенцијал ги вклучува немонетарните и квази депозитите.

Од аспект на валутата, денарските кредити (кои ги вклучуваат и кредитите со валутна клаузула) бележат пораст од 40,3% на годишно ниво. Девизните кредити бележат пораст од 29,9% на годишна основа. Во однос на минатиот месец денарските пласмани се зголемени за 2,0% и имаат доминантен придонес во вкупниот кредитен раст. Девизните кредити се повисоки за 0,1%.

**4.4. Во ноември 2008 година просечната пондерирана каматна стапка на денарските кредити изнесува 9,8%.** Просечната каматна стапка на девизните кредити забележа пад од 0,5 п.п. во однос на минатиот месец и се наоѓа на ниво од 7,8%. Во однос на минатата година се забележува релаксирање на каматните услови на банките, односно просечната каматна стапка на денарските кредити остварува раст од 0,1 п.п., односно 0,5 п.п. на девизните кредити. Меѓу банките, анализирано според големината, големите банки имаат најниска пондерирана активна каматна стапка, 9,0% за денарски и 7,6% за девизни кредити. Пасивната каматна стапка на денарските депозити во октомври 2008 година регистрира пораст од 0,3 п.п. на месечно ниво и изнесува 6,5%, додека на годишна основа истата бележи зголемување од 1,3 п.п. Просечната каматна стапка на девизните депозити е зголемена во однос на минатиот месец за 0,2 п.п. и изнесува 2,9% а на годишна основа бележи пораст од 0,9 п.п.

**4.5. Бруто девизните резерви во ноември 2008 година изнесуваат 1.589,2 милиони евра и во однос на декември 2007 година оствариjа пораст од 4,2%.** На месечно ниво истите бележат пад од 5,0%, во услови на нето продажба на девизниот пазар од 110,9 милиони евра. НБРМ преку девизните трансакции вршеше повлекување на ликвидни средства. На девизниот пазар се забележа зголемена побарувачка на девизи и како одговор на тоа продажба на девизи од страна на НБРМ.

## 5. Социјален сектор

**5.1. Во периодот јануари-ноември 2008 година, во Агенцијата за вработување на Република Македонија регистрирани се вкупно 192.688 засновани нови работни односи. Од вкупниот број 42,6% се однесуваат на неопределено време, додека останатиот дел се однесува на определено време и вршење сезонски работи. Споредено со истиот период од минатата година, се забележува зголемување на бројот на нововработени за 10,8%.**




Притоа, во текот на месец ноември засновани се 16.324 нови работни односи, каде 32,1% од новите вработувања се од евиденцијата на невработени. Одливот на лица од регистарот на Агенцијата за вработување во ноември изнесува 8.822 лица, од кои 59,6% претставуваат

нови засновани работни односи. Како прилив во Агенцијата се регистрирани 9.155 лица, каде 45,5% се лица на кои им престанал работниот однос.

**Резултатот е зголемување на невработеноста за 333 лица, односно 0,1% споредено со претходниот месец. Така, во ноември 2008 година бројот на невработени изнесува 343.384 лица.**

Од нив, 71.620 (20,9%) се изјасниле дека се пријавуваат само за остварување на правото на здравствено осигурување, а останатите активно бараат работа. Во однос на истиот месец од минатата година, бројот на невработените лица е намален за 4,4%.

Најголем процент од невработените, односно 66,6% се од урбани средини (градско население), додека 57,8% се мажи. Анализирано според степенот на образование, поголемиот дел, односно 52,7% од невработените се неквалификувани или полуквалификувани, додека 7,1% имаат вишо или повисоко ниво на образование. Гледано според возрасните групи, најголемиот дел од невработените (60%) припаѓаат во категоријата 25-49 години. Според времето на чекање на вработување, 51,2% од невработените бараат работа од една до седум години, додека 30,8% бараат работа осум години и повеќе.




**5.2. Во ноември 2008 година, во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување евидентирани се 273.529 пензионери, што претставува годишно зголемување од 0,7%. Во однос на минатиот месец, бројот на корисници на пензија се зголемил за 1.673 лица.**

За исплата на пензии, овој месец се потрошени 2.579,4 милиони денари.

Во ноември 2008 година, вредноста на просечната пензија изнесуваше 9.538 денари, што на годишно ниво претставува пораст од 21,5%. Соодносот на просечната пензија со просечната исплатена нето плата во октомври 2008 година (последен расположлив податок) изнесува 56,1%.




**5.3. Во периодот јануари–октомври 2008 година (последни расположиви податоци) споредено со истиот период од 2007 година, забележан е**

**пораст на просечната номинална и реална нето плата за 10,3%, односно 1,2%**.

Во октомври 2008 година просечната нето-плата по вработен изнесуваше 17.020 денари, што на годишна основа претставува номинален раст од 9%, додека реално просечната плата е повисока за 1,3%. Процентот на вработени кои не примиле плата постојано се намалува и во октомври 2008 година изнесува 7,7%. Споредено со истиот период од минатата година, процентот е понизок за 3,9 процентни поени.